



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# АТЛЕТИЧКИ АС ОД КАРПОШ НА ОЛИМПИЈАДА ВО БАКУ

**Александар Стојановски е државен рекордер на 800 метри штафетно трчање во една од најатрактивните атлетски дисциплини. Тој, заедно со неговите колеги, во периодот од 12 па се до 28 јуни ќе се борат да ги освојат првите Европски Олимписки игри во атлетика, кои ќе се одржат во Баку, Азербејџан. Олимискиот тим на Александар ќе настапи на 22 јуни, најпрво во дисциплината штафета 800 метри, а потоа и како дел од штафетата 4x400 метри. И покрај повредата која Александар ја здоби во изминатиот период, сепак нема да се откаже од вистинско спортско претставување на македонската репрезентација. Атлетиката на Олиписките игри ќе биде претставена како Европски куп, односно како екипно натпреварување. Александар е редовен член на Атлетската репрезентација во изминатите пет години, со голем број учества на многубројните меѓународни натпреварувања.**



# ФИНАЛЕ НА ЕУРО ТЕНИС 2015

**На тениските терени во Карпош, кои се во состав на СЦ „Борис Трајковски“ се одржа финалниот натпревар од еднонеделниот Меѓународен турнир „Еуро тенис-2015“. Во присуство на многубројна публика, натпреварувачите до 16 години од Македонија, Албанија, Германија, Швајцарија, Црна Гора, Словенија, Русија, Турција, Англија, Бугарија, Грција и други земји, си ги одмерија силите во машка и женска категорија како поединечно така и во игри во пар. За прв пат Општина Карпош е домаќин на еден ваков врвен спортски турнир кој се стреми да прерасне во традиција. Организаторот на „Еуро тенис-2015“, директор на Академија за тенис „ АТК - Крстевски“, Дејан Крстевски изрази големо задоволство од поддршката на Општина Карпош како една од најспортските општини во цела држава. -Станува збор за Меѓународен европски турнир за спортисти до 16 годишна возраст. На турнирот учествуваа 70 деца од преку 15 земји. Тие одиграа многу значајни мечеви кои во понатамошното развивање во спортскиот живот ќе им бидат од извонредна важност. Заинтересираноста беше голема, со оглед на тоа што присуствуваа многу деца од повеќе земји. Како тениски клуб, во план сме овој меѓународен натпревар да прерасне во традиционален, со тоа што Општина Карпош секогаш би сакале да биде поддржувач на овој турнир.**

**Дека Република Македонија изобилува со млади спортски таленти, денеска докажаа младите тенисери и тенисерки на турнирот. По напорната игра во категоријата машки поединечно, победи играчот Златан Палазов од Бугарија, а во играта во парови од машка конкуренција првото место го освоија, Михаил Кусевски и Андреј Андреевски од Македонија. Исто така, со прво освоено место можеше да се пофали и македонската млада тенисерка Катарина Марковиќ. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, ги додели пехарите и им посака успеси и на светско ниво. -Ќе му предложам на Советот и наредната година да се вклучи во организацијата на овој Меѓународен турнир, имајќи во предвид дека турнирот ќе прерасне во традиционален. Со самиот факт што имаме повеќе спортски тениски терени, како афирмација на тенисот, Општина Карпош секогаш ќе ги поддржува младите луѓе да се занимаваат со спорт. На крајот од турнирот, организаторот на „Еуро тенис-2015“ му врачи плакета на Јакимовски како благодарност за поддршката на овој Меѓународен натпревар по тенис којшто се рангира за меѓународни ЕТА ранкинг.**


Motor City
Detroit



